Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 145/0306
07.09 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31.08.2026 година, врз основа на примена жалба од **Нихат Исеноски,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во објавата на Фејсбук профилот на интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk), под наслов „**Депортиран имамот Елведин Пезиќ поради ширење на вахабистичка идеологија - Лани имал настан во Струга“, од 15.08.2026 г.**, нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Нихат Исеноски, на 16.08.2026 упати жалба за објавата на Фејсбук профилот на интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk), под наслов „Депортиран имамот Елведин Пезиќ поради ширење на вахабистичка идеологија - Лани имал настан во Струга“, од 15.08.2026 г., при што се жали на неточно и нефер известување и на говор на омраза.

Во жалбата за овој текст на посочениот давател на медиумски услуги, меѓу другото, се наведува: „… Во текстот се изнесени целосно неточни, недокажани и дезинформирачки наводи кои директно го нарушуваат угледот, честа и дигнитетот на организаторите и институционалниот интегритет. Медиумот објави информации без претходно да ја провери нивната точна содржина и без да обезбеди рамноправност и изјава од засегнатата страна, со што се прекршени основните принципи на објективно, вистинито и професионално новинарство.“...

Во жалбата на СЕММ му е доставена дел од содржината (скриншот фотографија и линк од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со давателот на медиумска услуга Инфомакс и побара да се изјаснат по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека известувањето е непрофесионално.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во објавата на Фејсбук профилот на интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс (infomax.mk), под наслов „Депортиран имамот Елведин Пезиќ поради ширење на вахабистичка идеологија - Лани имал настан во Струга“, од 15.08.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за вест која се потпира на два други извора и која е надополнета со бекграунд, дека имамот за кој се известува минатата година проповедал и во струшкото село Октиси, па од тука станува збор за тема од јавен интерес.

Комисијата го оценуваше текстот и објавата на ФБ првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека не постои прекршување.

При расправата, Комисијата појде од фактот дека редакцијата во текстот се потпрела на два извора и дека навела линк од поширока анализа на еден од изворите, иако беше дадена и забелешката дека медиумот можел уште во главата на веста или во горниот дел од текстот да ги наведе изворите. Но, точноста на веста е неспорна, при што беше споменато дека за истиот настан известиле и други медиуми, вклучувајќи ја и косовската редакција на Радио Слободна Европа.

Дел од Комисијата, исто така, имаше забелешки за тоа дека редакцијата можела да биде повнимателна во изборот на насловот. Беше оценето и дека употребата на терминот вахабистичка идеологија во насловот е контекстуализирана според претходно објавените информации за имамот кој проповедал вахабизам, една од радикалните струи во исламот.

Беа анализирани и коментарите под објавата, при што членовите на Комисијата оценија дека огромно мнозинство од коментарите се коректни. Сепак се упатува препорака и совет дека медиумот/медиумите требало и треба да реагираат дури и при ретките објави на дискриминирачки, стигматизирачки или коментари со говор на омраза (на пример, коментарите како: „за таквите само бесилка“).

Комисијата, исто така, оцени дека веста дополнително има силен елемент на јавен интерес особено во контекст на насилството врз жените, тема која е исклучително актуелна и во Македонија. Имено, приведениот и протеран имам, меѓу другото, ширел учење и за тоа „како да се тепаат жените и да им се ограничи движењето“, според анализата на босанскиот портал Детектор, при што е наведен и линк до анализата.

На крајот, земајќи го предвид и фактот дека жалителот не посочил конкретно што е неточно во веста, Комисијата заклучи дека жалбата е неоснована и дека давателот на медиумски услуги, интернет порталот – онлајн медиум Инфомакс не направил етички повреди со текстот и со објавата во смисла на прекршени членови од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595